Нацрт

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на 3-та седница одржана на _.11.2025 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ПРОМОЦИЈАТА, КОМУНИКАЦИЈАТА СО ЈАВНОСТА И МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА ВО 2026 ГОДИНА**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување промоција на Општина Велес во државата и странство;
- Обезбедување активен однос на Општина Велес кон потребите за информирање на населението;
- Сочувување на воспоставените меѓународни соработки и создавање услови за развој на нови.

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа од областа на промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма:

- Сочувување на континуитетот на промовирање на Велес во културен, историски, економски, спортски и друг аспект;
- Реализирање на активности за информирање на населението
- Реализирање на јавни настани кои даваат посебно обележје на Општина Велес;
- Создавање услови за реализирање на работни посети Унапредување на меѓународната комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови и градовите пријатели на Општина Велес;
- Остварување продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот во локалните заедници;

| | | |
|---|---|---|
| **Активности на Општина Велес во областа на<br>ПРОМОЦИЈА, КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА<br>за 2026 година** | | |
| | **НАЗИВ** | **ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА** |
| 1 | Изработка и печатење на промотивен материјал | 100.000,00 |
| 2 | Набавка на промотивни сувенири и подароци | 50.000,00 |
| 3 | Организација на јавни настани | 200.000,00 |
| 4 | Организирани работни посети во странство, посети на претставници од Општина Велес на збратимени градови и градови пријатели на Велес | 150.000,00 |
| 5 | Трошоци за репрезентација | 300.000,00 |
| 6 | Непредвидени трошоци | 50.000,00 |
| | **ВКУПНО** | 850.000,00 |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Велес предвидени за 2026 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, спонзорства и донации.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Велес ќе поддржи институции и граѓанските организации кои ќе реализираат проекти од областа на промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка, финансирани од други инвеститори – заинтересирани партнери, фондации, бизнис сектор и сл.

## IV. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината. По потреба Програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

## V. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка се следните:

- Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадар и опрема со која располага општината;
- Покровителство при надворешни проекти;
- Организирање протоколарни и промотивни средби на претставници на градот при одржување настани и реализирање на проекти од овие области.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Велес.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес" и ќе биде ставена на јавна расправа.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Предлог-програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка претставува планирање на активностите во оваа област, а предвидените активности и финансиски средства произлегуваат од досегашната програма за култура и меѓународна соработка.

Вкупно предвидени финансиски средства за оваа програма се 900.000,00 денари.